Службен весник на Република Македонија

Број 147 **8 октомври 2014, среда** **година LXX**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
4626.	**Указ** бр. 9 од Претседателот на Република Македонија	**2**
4627.	**Указ** за поставување на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Австрија	**2**
4628.	**Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати на ЈП„Македонијапат“ – Скопје	**2**
4629.	**Одлука** за предавање на недвижност-градежно земјиште во владение на Јавното претпријатие за државни патишта	**3**
4630.	**Исправка** на Уредбата за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници.....	**6**
4631.	**Правилник** за висината на надоместоците за издавање на лиценца за вршење на застапување, идентификациска картичка, како и за полагање на стручен испит за лиценциран застапник	**6**
4632.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, видот и висината на субвенциите	**7**
4633.	**Решение** за давање одобрение за основање на друштво за управување со инвестициски фондови	**18**
4634.	**Правилник** за изменување на Правилникот за начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштвото за управување со инвестициски фондови	**18**
4635.	**Правилник** за посебните барања за безбедност на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната направени од филм од регенерирана целулоза (*)	**19**
4636.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија...	**31**

		Стр.
4637.	**Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**34**
4638.	**Решение** за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**34**
4639.	**Решение** за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**35**
4640.	**Објава** за Движењето на индексот на цените на мало во Република Македонија за месец септември 2014 година	**36**
	Огласен дел	**1-92**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4626.

Указ бр. 9
7 октомври 2014 година

Врз основа на член 84, алинеја 8 од Уставот на Република Македонија

СЕ ОДЛИКУВА

ПЕТАР ИВАНОСКИ-ТИКВАР

со ОРДЕН ЗА ЗАСЛУГИ ЗА МАКЕДОНИЈА

како истакнат деец, борец на македонското националноослободително движење и учесник на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, со што даде исклучителен придонес во остварувањето на вековниот стремеж на македонскиот народ за слобода и зачувување на својот идентитет и создавање на сопствена, самостојна, суверена и демократска држава.

Бр. 10-851/1
7 октомври 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

4627.

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

У К А З
ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА

I

Г-ѓа Василка Попоска-Треневска се поставува на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Австрија, со седиште во Виена.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 21
7 октомври 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4628.

Врз основа на член 9-а, став (6) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 35/11 и 84/12), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.9.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ЈП „МАКЕДОНИЈАПАТ“ – СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафтени деривати се отстапуваат без надомест нафтени деривати на ЈП„Македонијапат“ – Скопје и тоа:

- дизел гориво ..... 250.000 литри;
- екстра лесно гориво .....100.000 литри.

Нафтените деривати од став 1 на овој член се отстапуваат за извршување на основните работи од тековно, инвестициони и зимско одржување на патишта од страна на ЈП„Македонијапат“ – Скопје, планирани со Годишната програма, со Јавното претпријатие за државни патишта за 2014 година.

Член 2

Трошоците за испорака односно транспортни и манипулативни трошоци за преземање на отстапените нафтени деривати паѓаат на товар на ЈП „Македонијапат“ – Скопје.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-7763/1
30 септември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

4629.

Врз основа на член 33 став 2 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 131/2012, 24/2013 и 27/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.9.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ-ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ВЛАДЕНИЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Член 1

Со оваа одлука на Јавното претпријатие за државни патишта - како предлагач на експропријацијата, му се предава во владение градежното земјиште кое претставува:

1. Дел од КП.бр.3271 КО Врбјани со површина од 919м2, евидентирана во Имотен лист бр.571, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1023/2014 од 21.7.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

2. Дел од КП.бр.3275 КО Врбјани со површина од 72м2, евидентирана во Имотен лист бр.317, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1024/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

3. Дел од КП.бр.3924 КО Врбјани со површина од 2.729м2 и дел од КП.бр.3923 КО Врбјани со површина од 2.078м2, евидентирани во Имотен лист бр.80, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1033/2014-2 од 28.3.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

4. Дел од КП.бр.3925 КО Врбјани со површина од 77м2, евидентирана во Имотен лист бр.288, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1034/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

5. Дел од КП.бр.4315/2 КО Мешеишта со површина од 161м2, евидентирана во Имотен лист бр.56, согласно Решение за експропријацијаВУП.бр.26-1150/2014-2 од 28.3.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

6. Дел од КП.бр.3074/2 КО Врбјани со површина од 8м2, евидентирана во Имотен лист бр.577, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1156/2014-2 од 28.3.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

7. Дел од КП.бр.3074/1 КО Врбјани со површина од 708м2, евидентирана во Имотен лист бр.576, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1157/2014-2 од 22.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

8. Дел од КП.бр.4104/10 КО Мешеишта со површина од 395м2, евидентирана во Имотен лист бр.893, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1162/2014-2 од 28.3.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

9. Дел од КП.бр.746/2 КО Мешеишта со површина од 49м2, евидентирана во Имотен лист бр.1624, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-362/2014-2 од 16.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

10. Дел од КП.бр.67/1 КО Песочани со површина од 45м2, евидентирана во Имотен лист бр.154, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-138/2014-2 од 16.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

11. Дел од КП.бр.56/1 КО Ботун со површина од 818м2, евидентирана во Имотен лист бр.187, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-699/2014 од 10.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;;

12. Дел од КП.бр.84/2 КО Ботун со површина од 73м2, евидентирана во Имотен лист бр.250, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-714/2014 од 16.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

13. Дел од КП.бр.81 КО Ботун со површина од 47м2, евидентирана во Имотен лист бр.31, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-717/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

14. Дел од КП.бр.2917 КО Врбјани со површина од 2.983м2, евидентирана во Имотен лист бр.56, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-864/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

15. Дел од КП.бр.404/1 КО Оровник со површина од 224м2, евидентирана во Имотен лист бр.15, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-870/2014-2 од 16.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

16. Дел од КП.бр.1122/1 КО Оровник со површина од 2.307м2, евидентирана во Имотен лист бр.211, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-969/2014-2 од 16.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

17. Дел од КП.бр.2104 КО Мешеишта со површина од 328м2, евидентирана во Имотен лист бр.966, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1227/2014-2 од 20.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

18. Дел од КП.бр.2105/4 КО Мешеишта со површина од 433м2, евидентирана во Имотен лист бр.923, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1231/2014-2 од 16.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

19. Дел од КП.бр.280/3 КО Мешеишта со површина од 106м2, евидентирана во Имотен лист бр.785, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1249/2014-2 од 20.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

20. Дел од КП.бр.2149/1 КО Мешеишта со површина од 196м2, евидентирана во Имотен лист бр.131, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1218/2014 од 10.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

21. Дел од КП.бр.281 КО Мешеишта со површина од 1.038м2, евидентирана во Имотен лист бр.839, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1246/2014-2 од 16.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

22. Дел од КП.бр.2748/1 КО Мешеишта со површина од 252м2, евидентирана во Имотен лист бр.361, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1233/2014-2 од 20.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

23. Дел од КП.бр.506/1 КО Горенци со површина од 900м2, евидентирана во Имотен лист бр.283, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-301/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

24. Дел од КП.бр.510/3 КО Горенци со површина од 122м2, евидентирана во Имотен лист бр.303, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-305/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

25. Дел од КП.бр.391/3 КО Оровник со површина од 43м2, евидентирана во Имотен лист бр.25, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-466/2014 од 10.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

26. Дел од КП.бр.356/1 КО Оровник со површина од 15м2, евидентирана во Имотен лист бр.1049, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-467/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

27. Дел од КП.бр.534/1 КО Оровник со површина од 1.019м2, евидентирана во Имотен лист бр.194, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-480/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

28. Дел од КП.бр.4723/3 КО Оровник со површина од 26м2, евидентирана во Имотен лист бр.819, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-455/2014 од 17.3.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

29. Дел од КП.бр.377/1 КО Оровник со површина од 220м2 и дел од КП.бр.377/3 КО Оровник со површина од 314м2, евидентирани во Имотен лист бр.265, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-458/2014 од 17.3.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

30. Дел од КП.бр.510/1 КО Горенци со површина од 750м2, евидентирана во Имотен лист бр.217, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-304/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

31. Дел од КП.бр.508/1 КО Горенци со површина од 905м2, евидентирана во Имотен лист бр.7, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-302/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

32. Дел од КП.бр.375/2 КО Оровник со површина од 232м2, евидентирана во Имотен лист бр.175, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-459/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

33. Дел од КП.бр.283/4 КО Мешеишта со површина од 110м2, евидентирана во Имотен лист бр.637, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1257/2014 од 31.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

34. Дел од КП.бр.510/4 КО Горенци со површина од 114м2, евидентирана во Имотен лист бр.371, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-306/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

35. Дел од КП.бр.1094/1 КО Требеништа со површина од 288м2, евидентирана во Имотен лист бр.817, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1385/2014-2 од 16.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

36. Дел од КП.бр.404/2 КО Оровник со површина од 17м2, евидентирана во Имотен лист бр.15, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-421/2014-2 од 22.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

37. Дел од КП.бр.975/1 КО Песочани со површина од 676м2, евидентирана во Имотен лист бр.2, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-284/2014-2 од 28.3.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

38. Дел од КП.бр.1198 КО Песочан со површина од 4.832м2, дел од КП.бр.1145/1 КО Песочан со површина од 657м2 и дел од КП.бр.157/1 КО Песочан со површина од 293м2, евидентирани во Имотен лист бр.3, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-35/2014-2 од 22.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

39. Дел од КП.бр.477/1 КО Горенци со површина од 455м2, евидентирана во Имотен лист бр.392, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-284/2014-2 од 28.3.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

40. Дел од КП.бр.477/2 КО Горенци со површина од 501м2, евидентирана во Имотен лист бр.393, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-285/2014-2 од 28.3.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

41. Дел од КП.бр.94/3 КО Горенци со површина од 363м2, евидентирана во Имотен лист бр.214, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-294/2014-2 од 28.3.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

42. Дел од КП.бр.94/2 КО Горенци со површина од 178м2, евидентирана во Имотен лист бр.214, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-295/2014-2 од 22.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

43. Дел од КП.бр.505/2 КО Горенци со површина од 44м2, евидентирана во Имотен лист бр.384, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-299/2014-2 од 28.3.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

44. Дел од КП.бр.509/1 КО Горенци со површина од 370м2, евидентирана во Имотен лист бр.191, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-303/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

45. Дел од КП.бр.507 КО Арбиново со површина од 434м2, евидентирана во Имотен лист бр.426, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-145/2014-2 од 22.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

46. Дел од КП.бр.383/1 КО Арбиново со површина од 2.189м2, евидентирана во Имотен лист бр.49, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-150/2014-2 од 22.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

47. Дел од КП.бр.624/1 КО Арбиново со површина од 679м2, евидентирана во Имотен лист бр.134, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-165/2014-2 од 22.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

48. Дел од КП.бр.649/1 КО Арбиново со површина од 44м2, евидентирана во Имотен лист бр.237, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-166/2014-2 од 16.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

49. Дел од КП.бр.667/2 КО Арбиново со површина од 756м2, евидентирана во Имотен лист бр.168, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-169/2014-2 од 22.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

50. Дел од КП.бр.667/1 КО Арбиново со површина од 478м2, евидентирана во Имотен лист бр.30, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-170/2014-2 од 22.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

51. Дел од КП.бр.868/2 КО Оровник со површина од 133м2, евидентирана во Имотен лист бр.654, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-548/2014-2 од 28.3.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

52. Дел од КП.бр.1094/1 КО Требеништа со површина од 288м2, евидентирана во Имотен лист бр.817, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1385/2014-2 од 16.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

53. Дел од КП.бр.1789 КО Ботун со површина од 860м2 и дел од КП.бр.1788 КО Ботун со површина од 1.050м2, евидентирани во Имотен лист бр.266, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-705/2014 од 22.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

54. Дел од КП.бр.3251 КО Врбјани со површина од 318м2, евидентирана во Имотен лист бр.564, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1028/2014 од 21.5.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

55. Дел од КП.бр.2883 КО Врбјани со површина од 1.521м2, евидентирана во Имотен лист бр.136, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1047/2014-2 од 8.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

56. Дел од КП.бр.1448/1 КО Требеништа со површина од 41м2 и дел од КП.бр.1448/5 КО Требеништа со површина од 25м2, евидентирани во Имотен лист бр.599, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1759/2014 од 2.7.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

57. Дел од КП.бр.1040/4 КО Оровник со површина од 164м2, евидентирана во Имотен лист бр.59, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1808/2014-2 од 14.7.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

58. Дел од КП.бр.4333/1 КО Мешеишта со површина од 187м2, евидентирана во Имотен лист бр.177, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1451/2014-2 од 9.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

59. Дел од КП.бр.369/4 КО Оровник со површина од 395м2, евидентирана во Имотен лист бр.966, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-10460/2014-2 од 9.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

60. Дел од КП.бр.4332/1 КО Мешеишта со површина од 412м2, евидентирана во Имотен лист бр.893, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1452/2014-2 од 8.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

61. Дел од КП.бр.369/7 КО Оровник со површина од 262м2 и дел од КП.бр.369/8 КО Оровник со површина од 77м2, евидентирани во Имотен лист бр.966, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-349/2014-2 од 8.4.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид;

62. Дел од КП.бр.4118/2 КО Мешеишта со површина од 470м2, евидентирана во Имотен лист бр.458, согласно Решение за експропријација УП.бр.26-1561/2014-2 од 14.7.2014 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, одделение за управна постапка во Охрид,

за изградба на автопатот „Кичево- Охрид“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-8330/1
30 септември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

4630.

По извршеното срамнување на изворниот текст утврдено е дека во текстот на Уредбата за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници, објавена во („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2014), направена е техничка грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А
НА УРЕДБАТА ЗА ОПИСИТЕ НА КАТЕГОРИИТЕ И НИВОАТА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Во членот 10 од Уредбата наместо бројот „(1)“, пред ставот „(3)“, треба да стои бројот „(3)“ и наместо бројот „(2)“, пред ставот „(4)“, треба да стои бројот „(4)“.

Бр.42-3246/2
6 октомври 2014 година
Скопје

Од Владата на Република
Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

4631.

Врз основа на член 6 став (15) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12 и 187/13), министерот за финансии, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ, ИДЕНТИФИКАЦИСКА КАРТИЧКА, КАКО И ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦИРАН ЗАСТАПНИК

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на надоместоците за издавање на лиценца за вршење на застапување, идентификациска картичка, како и за полагање на стручен испит за лиценциран застапник, кои ги наплатува Царинската управа.

Член 2

(1) Висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на застапување изнесува 1.800,00 денари.

(2) Висината на надоместокот за издавање на идентификациска картичка изнесува 300,00 денари.

Член 3

Висината на надоместокот за полагање на стручен испит за лиценциран застапник изнесува 6.000,00 денари.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.20-29861/4
1 октомври 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
Зоран Ставрески, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

4632.

Врз основа на членот 57 став 2 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр.62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13 и 27/14), министерот за економија, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ВИДОТ И ВИСИНАТА НА СУБВЕНЦИИТЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот, видот и висината на субвенциите („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/13) во членот 3 став (1) алинејата 2 се менува и гласи:

„-Организиран групен превоз, со посебно закупени автобуси, авиони и возови, или закупени минимум десет места во наведените превозни средства, од местото на поаѓање на групата до местото на користење на услугата во сместувачкиот објект и враќање на групата на иста релација (возењето со автобус, авион, или воз, за време на престојот во Македонија не се вклучени);“

Член 2

Во членот 4 точка 1) алинејата 2 се менува и гласи:

„-Копија од патен налог за автобуски превоз, копија од фактура на превозникот со видливи податоци за местото на поаѓање и пристигнување на групата и датата на извршениот превоз;

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„-Доказ за платена фактура за реализираниот превоз (копија од вирман или извод)“

Во точката 2) во алинејата 4 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 5 точката се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови алинеи 6 и 7, кои гласат:

„-Доказ за платена фактура за реализираниот превоз и

- Фактура со видливи податоци за периодот и релацијата на движење на групата од домашен превозник и доказ за нејзино плаќање, доколку програмата за аранжманот опфаќа патување низ различни места во Македонија.“

Во точката 3) во алинејата 1 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 2, точката се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови алинеи 3 и 4, кои гласат:

„-Листа со податоци за странските туристи, за кои се поднесува барањето и

-Доказ за платена фактура за реализираниот превоз.“

Во точката 4) алинејата 2 се менува и гласи:

„-Потврда за групата за која се однесува барањето со видливи податоци за патниците и периодот на престој, заверена од страна на странскиот партнер.“

Во алинејата 3 сврзникот „и“ се за менува со точка и запирка.

Во алинејата 4, точката се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова алинеја 5, која гласи:

„-Фактура со видливи податоци за периодот и релацијата на движење на групата и доказ за нејзино плаќање.“

Член 3

Во членот 5 став 1 алинејата 1, се менува и гласи:

„-Програма за конкретниот аранжман за кој се поднесува барањето за субвенција;“

Алинејата 2 се менува и гласи:

„-А лиценца за подносителот на барањето, или лиценца за туроператорска дејност;“

Алинејата 3 се менува и гласи:

„-Копија од договор за закуп со сместувачкиот капацитет и кои имаат услуга најмалку ноќевање со доручек и копија од решението за категоризација на сместувачкиот капацитет валидно за периодот за сместување на групата; “

По алинејата 3 се додаваат три нови алинеи 4, 5 и 6, кои гласат:

„- Заверена листа на странски туристи – руминг листа, или спецификација на гости;

- Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во земјава во кои гостите престојувале за цело време на реализација на субвенционираната програма, со доказ за платена фактура (копија од вирман или извод);

- Дополнителен договор со регистриран објект за вршење угостителска дејност (доколку услугата ноќевање со појадок е одвоена), копија од фактура со видливи податоци за периодот, количината и видот на извршената услуга и доказ за платена фактура од угостителскиот објект (копија од вирман или извод);“.

Член 4

Во членот 8 во став (1) во воведната реченица, по зборовите: „закупен автобус“ се додаваат зборовите: „или закупени минимум десет места во редовни линии“.

Член 5

Во членот 9 став (2) во точката в) зборовите: „(Северна и Јужна Америка, Австралија и Далечен Исток)“ се бришат.

Член 6

Прилозите 1, 2, 4, 5 и 6 се заменуваат со нови Прилози 1, 2, 4, 5 и 6 кои се составен дел на овој правилник.

Прилогот 3 се брише.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.13-4175/2
9 септември 2014 година
Скопје

Министер за економија,
Беким Незири, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЛОГ 1

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Образец СУ - 1

БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИОТ ПАТНИЧКИ (АВТОБУСКИ) ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ

Бр._____

1. Име и седиште на агенцијата _____

_____

2. Име и седиште на сместувачкиот објект во кој организирано се упатуваат туристи _____

_____

3. Место на поаѓање на групата _____

4. Дата а) поаѓање на групата

_____

б) враќање на групата

_____

5. Времетраење на престојот на групата во туристичкото место _____

6. Име и седиште на превозникот

_____

7. Регистарски број на автобусот _____

8. Вкупен број на седишта во автобусот _____

9. Вкупен број на туристи во групата _____

10. Износ на бараната субвенција:

Од која држава доаѓаат туристите _____ x _____ ден =

_____ ден

11. Име и седиште на банката и број на сметката на агенцијата

_____

_____

Прилог:

I) Општа документација:
-Програма за аранжман;
-Лиценца А, или доказ (лиценца) за вршење дејност туроператор;
-Договор за закуп со сместувачкиот капацитет и решение за категоризација на сместувачкиот капацитет;
-Руминг листа заверена од сместувачкиот капацитет;
-Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во земјава во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма, со доказ за платена фактура (копија од вирман или извод) и
-Извод од банка за девизен прилив за странскиот туроператор по извршената уплата.

II) Поединечна документација:
-копија од патен налог за автобуски превоз, копија од фактура на превозникот со видливи податоци за местото на поаѓање и пристигнување на групата и датата на извршениот превоз;
-доказ за платена фактура за реализираниот превоз (копија од вирман или извод) и
-интербус листа со видливи податоци за странските туристи и граничните премини.

_____ _____

МЕСТО И ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊЕТО ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЛОГ 2

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Образец СУ – 2

БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИОТ ВОЗДУШЕН ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ

БР. _____

1.Име и седиште на агенцијата

_____

2. Име и седиште на сместувачкиот објект во кој организирано се упатуваат туристи

_____

3. Место на полетување _____

4. Место на слетување _____

5. Број на летот и датум

а) поаѓање на групата _____

б) враќање на групата _____

6. Времетрање на престојот на групата во туристичкото место

_____

7. Име и седиште на воздушниот превозник

_____

8. Вид на авионот и договорен број на седишта

- чартер летови _____

- редовни линии _____

9. Број на патници во групата _____

10. Износ на бараната субвенција _____

а) број на остварени патници во воздушниот превоз со чартер линија

_____ x _____ ден = _____ ден

б) број на остварени патници при редовна линија

_____ x _____ ден = _____ ден

11. Име и седиште на банката и број на сметка на агенцијата

_____

Прилог:

I) Општа документација:
-Програма за аранжман;
-Лиценца А, или доказ (лиценца) за вршење дејност туроператор;
-Договор за закуп со сместувачкиот капацитет и решение за категоризација на сместувачкиот капацитет;
-Руминг листа заверена од сместувачкиот капацитет;
-Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во земјава во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма, со доказ за платена фактура (копија од вирман или извод) и
-Извод од банка за девизен прилив за странскиот туроператор по извршената уплата.

II) Поединечна документација:
-Копија од договор со авионскиот превозник за закуп на авион, од кој се видливи податоците за: број на седишта во авионот, место на поаѓање и слетување на авионот, број на планирани летови;
- Копија од дневниот извештај за летовите на домашните аеродроми, како и потврда за извршено доаѓање на чартер летовите;
-Копија на договор или понуда од авиопревозникот, или сметка, или фотокопија од сметката на авионскиот превозник, или копија од авионската карта кај редовните линии;
-Листа на летање со обележани странски туристи и прецизно одредување на сместувачкиот капацитет, за кои се поднесува барањето за субвенција;
-Доказ за платена фактура за реализираниот превоз и
-Фактура со видливи податоци за периодот и релацијата на движење на групата од домашен превозник и доказ за нејзино плаќање, доколку програмата за аранжманот опфаќа патување низ различни места во Македонија.

_____ _____

МЕСТО И ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ

ПРИЛОГ 4

Образец СУ – 4

ПОТВРДА

Туристичкото биро (друга институција)
_____

Потврдува дека за гостите сместени во објектите од типот соби и апартмани е извршена пријава на престојот и е платена такса за привремен престој.

Попис на гости

1. _____ 8. _____

2. _____ 9. _____

3. _____ 10. _____

4. _____ 11. _____

5. _____ 12. _____

6. _____ 13. _____

7. _____ 14.

_____ _____

МЕСТО И ДАТА

ТУРИСТИЧКО БИРО
ПОТПИС НА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ

- Под сместувачки објекти се сметаат сите сместувачки објекти кои се категоризирани и регистрирани за комерцијално работење.
- Ако изнајмувањето на капацитетот, со најмалку услуга ноќевање со доручек, е извршено преку македонска туристичка агенција истата го заверува образецот СУ – 4
- За гостите за кои сместувањето е закупено од македонска туристичка агенција, во сместувачки објекти од типот соба или апартман,заверка на пријавениот престој и плакање на туристичката такса за гостите од листата врши и туристичкото биро во местото каде што туристите престојувале.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЛОГ 5

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Образец СУ – 5

БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИОТ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ

Бр._____

1. Име и седиште на Агенцијата _____

_____

2. Име и седиште на сместувачкиот објект во кој организирано се упатуваат туристи _____

_____

3. Место на поаѓање на групата _____

4. Дата и време на а) поаѓање на групата

_____

б) враќање на групата

5. Место на доаѓање на групата _____

6. Времетраење на престојот на групата во туристичкото место _____

7. Вкупен број на туристи во групата _____

11. Износ на бараната субвенција за железнички превоз

Остварен број на туристи _____ x _____ ден =

_____ ден

12. Име и седиште на банката и број на сметката на агенцијата

_____

Прилог:

I) Општа документација:
-Програма за аранжман;
-Лиценца А, или доказ (лиценца) за вршење дејност туроператор;
-Договор за закуп со сместувачкиот капацитет и решение за категоризација на сместувачкиот капацитет;
-Руминг листа заверена од сместувачкиот капацитет;
-Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во земјава во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма, со доказ за платена фактура (копија од вирман или извод) и
-Извод од банка за девизен прилив за странскиот туроператор по извршената уплата.

II) Поединечна документација:
-Копија од договорот со железница за закуп на вагон, или фотокопија од сметката на железничкиот превоз од кои се видливи податоците за: место на поаѓање и пристигнување на групата, бројот на седишта во вагонот и датата на извршениот превоз;
-Листа на податоци за странските туристи, за кои се поднесува барањето и
-Доказ за платена фактура за реализираниот превоз.

_____ _____

МЕСТО И ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРИЛОГ 6

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Образец СУ – 6

БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА КОМБИНИРАНИ ТУРИ И КРУЖНИ ТУРИ ВО РЕГИОНОТ

БР. _____

1.Име и седиште на агенција

_____

2. Вид на превозно средство кое се користи за доаѓање во Р. Македонија

_____

3. Место на почеток / завршување на кружната тура

_____

4. Датум на почеток / завршување на турата

_____

5. Име и седиште на сместувачките објекти во кои престојувале туристите во текот на кружното патување

а) _____
б) _____
в) _____
г) _____
д) _____
ѓ) _____

6. Вкупно траење на турата (број на ноќевања со доручек)

_____

7. Име и седиште на автобускиот превозник

_____

8. Име и седиште на авионскиот превозник

_____

9. Износ на бараната субвенција

број на остварени патници _____ x _____ ден =

_____ ден

10. Име и седиште на банката и број на сметка на агенцијата

_____

_____

Прилог:

I) Општа документација:
-Програма за аранжман;
-Лиценца А, или доказ (лиценца) за вршење дејност туроператор;
-Договор за закуп со сместувачкиот капацитет и решение за категоризација на сместувачкиот капацитет;
-Руминг листа заверена од сместувачкиот капацитет;
-Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во земјава во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма, со доказ за платена фактура (копија од вирман или извод) и
-Извод од банка за девизен прилив за странскиот туроператор по извршената уплата.

II) Поединечна документација:
-Потврда за групата за која се однесува барањето со видливи податоци за патниците и периодот на престој, заверена од страна на странскиот партнер;
-Копија од договорот со македонската туристичка агенција, или потврда за тура од странска агенција со македонска туристичка агенција од каде треба да се види дали македонската туристичка агенција работи во име и за сметка на на странската агенција, или е организатор кој продава програма на странска агенција;
-фактура со видливи податоци за периодот и релацијата на движење на групата и доказ за нејзино плаќање и
-интербус листа со видливи податоци за странските туристи и граничните премини.

_____ _____

МЕСТО И ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4633.

Врз основа на член 9, член 13, член 14, член 17, член 18 и член 19 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2009, 67/2010, 24/2011 и 188/2013), а постапувајќи по барањата заведени под број УП 01 08-67, УП 01 08-68, УП 01 08-69, УП 01 08-70 доставени на ден 29.5.2014 година од страна на ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје – во основање, Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 19.9.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

1. Се дава одобрение за основање на Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје, со седиште на ул. „Васил Главинов“ бр. 14-1/8 во Скопје, Република Македонија.

2. Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје ќе има единствен предмет на работење - основање и управување со отворени инвестициски фондови согласно член 6 став 1 од Законот за инвестициски фондови.

3. Се дава согласност на пречистениот текст на Статутот на Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје донесен на ден 13.08.2014 година.

4. Се дава согласност на правното лице ВФП Осигурително брокерски друштво АД Скопје со седиште на ул. Загребска бр 28Б локал 19 од Скопје да се стекне со квалификувано учество во ДУИФ ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје, односно да се стекне со акции со право на глас чиј вкупен кумулативен износ надминува 50% од вкупно издадените акции со право на глас на друштвото.

5. Се дава согласност на лицето Петар Андреевски да се стекне со квалификувано учество во ДУИФ ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје, односно да се стекне со акции со право на глас чиј вкупен кумулативен износ надминува 10% од вкупно издадените акции со право на глас на друштвото. Лицето Петар Андреевски може дополнително да се стекнува со акции чиј вкупен кумулативен износ не надминува 20% од вкупно издадените акции на друштвото без да побара претходна согласност од Комисијата.

6. Се дава согласност на лицето Артон Лена да се стекне со квалификувано учество во ДУИФ ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје, односно да се стекне со акции со право на глас чиј вкупен кумулативен износ надминува 10% од вкупно издадените акции со право на глас на друштвото. Лицето Артон Лена може дополнително да се стекнува со акции чиј вкупен кумулативен износ не надминува 20% од вкупно издадените акции на друштвото без да побара претходна согласност од Комисијата.

7. Се дава согласност за именување на лицето Петар Андреевски за извршен член на Одборот на директори, односно главен извршен директор на Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје.

8. Се дава согласност за именување на лицето Артон Лена за извршен член на Одборот на директори, односно извршен директор на Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје.

9. Согласноста од точките 7 и 8 се дава во времетраење до првото годишно собрание на друштвото.

10. Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје е должно до Комисијата за хартии од вредност да достави извод од извршената регистрација во рок од петнаесет дена по извршениот упис во Трговскиот регистар.

11. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП 1 08-67
19 септември 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

4634.

Врз основа на член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014) и врз основа на член 38 став 4 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2009, бр. 67/2010, 24/2011 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 19.9.2014 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО И НВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштвото за управување со инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2010) член 9 став 2 се менува и гласи:

(2) Во случај уверението/свидетелството/дипломата за степенот на стручна подготовка на членовите на управниот одбор односно извршните членови на Одборот на директори да е стекнато во странство, до Комисијата се доставува доказ дека стекнатото уверение/свидетелство/диплома е нострифицирано/а од надлежен орган во Република Македонија.

Член 2

Постапките кои се почнати, а не се завршени пред денот на влегување во сила на овој Правилник ќе продолжат согласно одредбите од овој Правилник.

Член 3

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за изменување на Правилникот за начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштвото за управување со инвестициски фондови („Службен весник на РМ“ бр. 113/2014) од времен карактер.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 03-1597/1
19 септември 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

4635.

Врз основа на член 59 став (3), алинеја 5 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13 и 43/14), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ПОСЕБНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ И МАТЕРИЈАЛИТЕ ШТО ДОАЃААТ ВО КОНТАКТ СО ХРАНАТА НАПРАВЕНИ ОД ФИЛМ ОД РЕГЕНЕРИРАНА ЦЕЛУЛОЗА(*)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат посебните барања за безбедност на групата на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната направени од филм од регенерирана целулоза.

Член 2

(1) Одредбите на овој правилник се применуваат за филм од регенерирана целулоза кој доаѓа во контакт со храна или кој, поради својата намена, доаѓа во таков контакт и кој:

(а) претставува краен производ сам по себе, или

(б) претставува дел од краен производ кој содржи други материјали.

(2) Одредбите на овој правилник не се применуваат за синтетички обвивки од регенерирана целулоза.

Член 3

(1) Филм од регенерирана целулоза е тенок слој на материјал добиен од прочистена целулоза, која потекнува од нерециклирано дрво или памук.

(2) Заради исполнување на техничките барања, во масата или на површината на филмот од регенерирана целулоза можат да се додадат соодветни супстанци. Филмот од регенерирана целулоза може да се обложи од една или од двете страни.

Член 4

Филмовите од регенерирана целулоза од член 2 на овој правилник спаѓаат во еден од следниве видови:

(а) необложен филм од регенерирана целулоза;

(б) обложен филм од регенерирана целулоза со премаз добиен од целулоза или

(в) обложен филм од регенерирана целулоза со премаз кој се состои од пластика.

Член 5

(1) Филмовите од регенерирана целулоза од член 4, точки (а) и (б) на овој правилник се произведуваат со употреба само на супстанци или на групи супстанци дадени во Прилогот кој е составен дел на овој правилник, во согласност со ограничувањата утврдени во истиот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, можат да се користат супстанци кои не спаѓаат во супстанците дадени во Прилогот на овој правилник, кога истите се употребуваат како материја за обојување (бои и пигменти) или како лепила, доколку нема трага од миграција на супстанци во или врз прехранбените производи, што може да се открие со валидирани методи.

Член 6

(1) Филмовите од регенерирана целулоза од член 4, точка (в) на овој правилник се произведуваат, пред да бидат обложени, со употреба само на супстанци или на групи супстанци дадени во Дел 1 од Прилогот на овој правилник, во согласност со ограничувањата утврдени во истиот.

(2) Премазот кој треба да се употреби за филм од регенерирана целулоза од став (1) на овој член се произведува со користење само на супстанци или на групи супстанци дадени во членовите 7, 8, 19 и Прилозите 1 и 2 од Правилникот за посебните барања за безбедност на пластични материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната*[1], во согласност со ограничувањата наведени во истите.

(3) Без да е во спротивност со став (1) на овој правилник, производите и материјалите направени од филм од регенерирана целулоза од член 4 точка (в) на овој правилник треба да се во согласност со барањата од членовите 12, 13, 17 и 18 од Правилникот за посебните барања за безбедност на пластични материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната*[1].

Член 7

Печатените површини на филм од регенерирана целулоза не треба да дојдат во контакт со прехранбени производи.

Член 8

(1) Деловниот субјект кој става во промет производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна направени од филм од регенерирана целулоза, но не и во фазите на трговијата на мало, треба да обезбеди изјава за усогласеност согласно член 10 од Правилникот за општите барања за материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната*[2].

(2) Одредбата од став (1) на овој член не се применува за предметите и материјалите направени од филм од регенерирана целулоза кои, по својата природа, очигледно се наменети да стапат во контакт со храната.

(3) Материјалите и предметите направени од филм од регенерирана целулоза, во случај кога се укажува на посебни услови за употреба, треба да бидат соодветно означени.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-2393/3
7 август 2014 година
Скопје

Директор на Агенција
за храна и ветеринарство,
Дејан Рунтевски, с.р.

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Директивата на Комисијата 2007/42/ЕЗ од 29 јуни 2007 година за материјали и предмети направени од филм од регенерирана целулоза предвидени да бидат во контакт со прехранбени производи (CELEX бр. 32007L0042)

Прилог

СПИСОК НА СУПСТАНЦИ ДОЗВОЛЕНИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ФИЛМ ОД РЕГЕНЕРИРАНА ЦЕЛУЛОЗА

ЗАБЕЛЕШКА:

- Процентите во овој Прилог, прв и втор дел, се изразени во тежина/тежина (т/т) и се пресметуваат во однос на количеството безводен необложен филм од регенерирана целулоза.

- Вообичаените технички називи се дадени во големи загради.

- Употребените супстанци треба да бидат со добар технички квалитет во однос на критериумите за чистота.

ДЕЛ 1

Необложен филм од регенерирана целулоза

Назив	Ограничувања
А. Регенерирана целулоза	Не помалку од 72% (т/т)
Б. Адитив	
1.Омекнувачи	Не повеќе од 27% (т/т) вкупно
- Бис (2-хидроксиетил) етер [= диетиленгликол] - Етандиол [= моноетиленгликол]	Само за филмови предвидени за обложување а потоа за употреба за прехранбени производи кои не се влажни, имено, кои не содржат вода која е физички слободна на површината. Вкупното количество на бис(2-хидроксиетил)етер и етандиол присутно во прехранбените производи кои дошле во контакт со филм од овој вид не смее да надминува 30 мг/кг прехранбен производ.

- 1,3-бутандиол	
- Глицерин	
- 1,2-пропандиол [= 1,2 пропиленгликол]	Просечна молекуларна тежина меѓу 250 и 1200.
- Полиетилен оксид [= полиетиленгликол]	Просечна молекуларна тежина не поголема од 400 и содржина на слободен 1,3-пропандиол не поголема од 1% (т/т) во супстанца.
- 1,2-полипропилен оксид [= 1,2 полипропиленгликол]	
- Сорбитол	
- Тетраетиленгликол	
- Триетиленгликол	
- Карбамид	
2. Други адитиви	Не повеќе од 1%% (т/т) вкупно
П р в а к л а с а	Количеството на супстанца или на група супстанци при секоја алинеја не смее да надминува 2мг/дм^2 необложен филм.
- Оцетна киселина и нејзини амониумови, калциумови, магнезиумови, калиумови и натриумови соли	
- Аскорбинска киселина и нејзини амониумови, калциумови, магнезиумови, калиумови и натриумови соли	
- Бензоева киселина и натриум бензоат	
- Мравја киселина и нејзини амониумови, калциумови, магнезиумови, калиумови и натриумови соли	
- Линеарни масни киселини, заситени или незаситени, со парен број на атоми на јаглерод од 8 до 20 вклучително, како и бехенични и рицинолеински киселини и амониумови, калциумови, магнезиумови, калиумови, натриумови, алуминиумови и цинкови соли на овие киселини	

- Лимонски, д- и л-млечни, малеински, л-вински киселини и нивни натриумови и калиумови соли

- Сорбинска киселина и нејзини амониумови, калциумови, магнезиумови, калиумови и натриумови соли

- Амиди на линеарни масни киселини, заситени или незаситени, со парен број на атоми на јаглерод од 8 до 20 вклучително, како и амиди на бехенични и рицинолеински киселини

- Природни прехранбени скробови и брашна

- Прехранбени скробови и брашна модифицирани со хемиска обработка

- Амилоза

- Калциумови и магнезиумови карбонати и хлориди

- Естери на глицерин со линеарни масни киселини, заситени или незаситени, со парен број на атоми на јаглерод од 8 до 20 вклучително и/или со адипински, лимонски, 12-хидроксистеарински (оксистеарин), рицинолеински киселини.

Естери на полиоксиетилен (од 8 до 14 оксиетиленски групи) со линеарни масни киселини, заситени или незаситени, со парен број на атоми на јаглерод од 8 до 20 вклучително

Естери на сорбитол со линеарни масни киселини, заситени или незаситени, со парен број на атоми на јаглерод од 8-20 вклучително

Моно-и/или ди-естери на стеаринска киселина со етандиол и/или бис (2-хидроксиетил)етер и/или триетиленгликол

Оксиди и хидроксиди на алуминиум, калциум, магнезиум и силициум и силикати и хидратирани силикати на алуминиум, калциум, магнезиум и калиум	
- Полиетиленоксид [= полиетиленгликол]	
- Натриумпропионат	
Втора класа	Просечна молекуларна тежина меѓу 1200 и 4000.
- Натриумалкил(C8-C18)бензенсулфонат - Натриумизопропилнафталинсулфат - Натриумалкил(C8-C18)сулфат - Натриумалкил(C8-C18)сулфонат - Натриумдиоктилсулфосукцинат	Вкупното количество на супстанци не смее да надминува 1 мг/д $м^2$ необложениот филм, а количеството на супстанца или на група супстанци во секоја алинеја не смее да надминува 0,2 мг/$дм^2$ (или пониска граница кога таква е специфицирана) необложен филм.
Дистеарат на дихидроксиетилдиетилентриаминмоноацетат	
- Амониумови, магнезиумови и натриумови лаурилсулфати	
- МД-дистеаролдиамоноетан, N,N'-дипалмитоилдиаминоетан и M,N'-диолеоилдиаминоетан	Не повеќе од 0,05 мг/$дм^2$ необложен филм.
- 2-хептадецил-4,4-бис(метиленстеарат)оксазолин	
- Полиетилен-аминостеарамидетилсулфат	
Трета класа - Агенс за фиксирање	Не повеќе од 0,1 мг/$дм^2$ необложен филм.
- Производ на кондензација на немодифициран меламинформалдехид, или кој може да се модифицира со еден или повеќе од следниве производи:	Вкупното количество на супстанци не смее да надминува 1 мг/$дм^2$ необложен филм.

бутанол, диетилентриамин, етанол, триетилентетрамин, тетраетиленпентамин, три-(2-хидроксиетил)амин, 3,3'-диаминодипропиламин, 4,4'-диаминодибутиламин	Содржина на слободен формалдехид не поголема од 0,5 мг/дм^2 необложен филм. Содржина на слободен меламин не поголема од 0,3 мг/дм^2 необложен филм.
- Производ на кондензација на меламин-карбамид-формалдехид модифициран со трис-(2-хидроксиетил)амин	Содржина на слободен формалдехид не поголема од 0,5 мг/дм^2 необложен филм. Содржина на слободен меламин не поголема од 0,3 мг/дм^2 необложен филм.
Попречно поврзани катјонски полиалкиленамини: (а) полиамид-епихлорхидринска смола врз база на диаминопропилметиламин и епихлорхидрин; (б) полиамид-епихлорхидринска смола врз база на епихлорхидрин, адипинска киселина, капролактам, диетилентриамин и/или етилендиамин; (в) полиамид-епихлорхидринска смола врз база на адипинска киселина, диетилентриамин и епихлорхидрин, или смеса од епихлорхидри и амонијак; (г) полиамид-полиамин-епихлорхидринска смола врз база на епихлорхидрин, диметиладипат и диетилентриамин; (д) полиамид-полиамин-епихлор-хидрин врз база на епихлорхидрин, адипамид и диаминопропилметиламин	Во согласност со директивите на Заедницата, а во нивно отсуство во националното законодавство, до донесување директиви на Заедницата.
- Полиетиленамини и полиетиленимини	
- Производ на кондензација на немодифициран карбамид-формалдехид , или кој може да се модифицира со еден или повеќе од следниве производи:	

аминометилсулфонска киселина, сулфанилна киселина, бутанол, диаминобутан, диаминодиетиламин, диаминодипропиламин, диаминопропан, диетилентриамин, етанол, гуанидин, метанол, тетраетиленпентамин, триетилентетрамин, натриумсулфит	Не повеќе од 0,75 мг/дм^2 необложен филм. Содржина на слободен формалдехид не поголема од 0,5 мг/дм^2 необложен филм.
Четврта класа	
- Производи кои се резултат на реакција на амини во прехранбени масла со полиетиленоксид	
- Моноетаноламинлаурилсулфат	Вкупното количество на супстанци не смее да надминува 0,01 мг/дм^2 необложен филм.

ДЕЛ 2

Обложен филм од регенерирана целулоза

Назив	Ограничувања
А. Регенерирана целулоза	Види прв дел.
Б. Адитиви	Види прв дел.
В. Премаз	
1.Полимери	Вкупното количество на супстанци не смее да надминува 50 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.
- Етил, хидроксиетил, хидроксипропил и метилетери на целулоза	
- Целулозен нитрат	Не повеќе од 20 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи; содржина на азот меѓу 10,8% (т/т) и 12,2% (т/т) во целулозниот нитрат.

2.Смоли	Вкупното количество на супстанци не смее да надминува 12,5 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи и само за подготовка на филмови од регенерирана целулоза со премази кои се базираат на целулозен нитрат.
- Казеин	
- Калофониум и/или негови производи од полимеризација, хидрогенизација, или непропорционализација и нивни естери од метил, етил или поливалентни алкохоли од С2 до С6, или мешавини од овие алкохоли	
- Калофониум и/или негови производи од полимеризација, хидрогенизација, или непропорционализација, кондензирани со акрилски, малеински, лимонски, фумарни и/или фтални киселини и/или 2,2 бис(4-хидроксифенил)пропанформалдехид и естерифицирани со метил, етил или поливалентни алкохоли од С2 до С6, или мешавини од овие алкохоли	
- Естери кои произлегуваат од бис(2-хидроксиетил)етер со производи од додавање на бетапинен и/или дипентен и/или дитерпен и малеински анхидрид	
- Прехранбен желатин	
- Рицинусово масло и негови производи од дехидратација или хидрогенизација и негови производи од кондензација со полиглицерин, адипински, лимонски, малеински, фтални и себацински киселини	
- Природна гума [= дамар-смола]	
- Поли-бета-пинен [= терпентинска смола]	
- Карбамид-формалдехидни смоли (види агенси за фиксирање)	

3.Пластификатори	
- Ацетилтрибутилцитрат - Ацетилтри(2-етилхексил)цитрат - Ди-изобутиладипат - Ди-п-бутиладипат - Ди-п-хексилазелат - Дициклохексилфталат	Вкупното количество на супстанци не смее да надминува 6 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.
- 2-етилхексилдифенилфосфат (синоним: 2 етилхексил естер на фосфорна киселина дифенил)	Не повеќе од 4,0 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи. Количеството на 2-етилхексилдифенилфосфат не смее да надминува: (а) 2,4 мг/кг прехранбен производ кој доаѓа во контакт со овој вид филм; или (б)0,4 мг/дм^2 во премазот на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.
- Глицеринмоноацетат [= моноацетин] - Глицериндиацетат [диацетин] - Глицеринтриацетат [триацетин] - Ди-бутилсебакат - Ди-п-бутилтартарат - Ди-изобутилтартарат	Вкупното количество на супстанци не смее да надминува 6 мг/дм^2 во необложен филм од регенерирана целулоза, вклучувајќи и премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.
4. Други адитиви	

4.1.Адитиви наведени во првиот дел	Исти ограничувања како и во првиот дел (сепак, количествата во мг/дм^2 се однесуваат на необложен филм од регенерирана целулоза, вклучувајќи и премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.
4.2.Специфични адитиви за обложување	Количеството на супстанца или на група супстанци кај секоја алинеја не смее да надминува 2мг/дм^2 (или пониска граница, кога таква е одредена) премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.
- 1-хексадеканол и 1-октадеканол - Естери на линеарни масни киселини, заситени или незаситени, со парен број на атоми на јаглерод од 8 до 20, вклучувајќи и на рицинолеинска киселина со етил-, бутил-, амил- и олеил- линеарни алкохоли - Монтан восоци составени од пречистени монтански (од C26 до C32) киселини и/или нивни естери со етандиол и/или 1,3 бутандиол и/или нивни калциумови и калиумови соли - Карнауба восок - Пчелин восок - Еспарто восок - Канделила восок - Диметилполисилоксан - Епоксидирано соино масло (содржина на оксиран од 6% до 8%)	Не повеќе од 1 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.

- Рафиниран парафин и микрокристални восоци - Пентаеритритолтетрастеарат - Моно и бис(октадецилдиетиленоксид)-фосфати	Не повеќе од 0,2 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.
- Алифатични киселини (од C8 до C20) естерифицирани со моно - или ди-(2-хидроксиетил)амин	Не повеќе од 0,06 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.
- 2-и 3-терц-бутил-4-хидроксианизол [= бутилиран хидроксианизол - BHA]	Не повеќе од 0,06 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.
- 2,6-ди-терц-бутил-4-метилфенол [= бутилиран хидрокситолуол - BHT]	Не повеќе од 0,06 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.
- Ди-п-октилтин-бис(2-етилхексил)малеат	Не повеќе од 0,06 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.
5.Растворувачи	Вкупното количество на супстанци не смее да надминува 0,6 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.
- Бутилацетат - Етилацетат - Изобутилацетат - Изопропилацетат - Пропилацетат - Ацетон - 1-бутанол - Етанол - 2-бутанол	

- 2-пропанол - 1-пропанол - Циклохексан - Етиленгликолмонобутилетер - Етиленгликолмонобутилетерацетат - Метилетилкетон - Метилизобутилкетон - Тетрахидрофуран - Толуол	Не повеќе од 0,06 мг/дм^2 премаз на страната која доаѓа во контакт со прехранбени производи.

[*1] Правилникот за посебните барања за безбедност на пластични материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната е усогласен со Регулативата (ЕЗ) бр. 10/2011 од 14 јануари, 2011 година за пластични материјали и предмети наменети да дојдат во контакт со храната, (CELEX бр. 32011R0010)

[*2] Член 10 од Правилникот за општите барања за материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната е усогласен со член 16, точка 1 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1935/2004 од 27 октомври, 2004 година за материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната и ги укинува Директивите (ЕЕЗ) 590/80 и 109/89 храната, (CELEX бр. 32004R1935)

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4636.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14), член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13), постапувајќи по барањето на Друштвото за производство на електрична енергија, трговија и услуги ФОТО ВОЛТАЖЕН ПАРК ДОО увоз-извоз Струмица, за издавање на лиценца за производство на електрична енергија, на седницата одржана на 7.10.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство на електрична енергија, трговија и услуги ФОТО ВОЛТАЖЕН ПАРК ДОО увоз-извоз Струмица со адреса на ул. „Ленинова“ бр. 15 Струмица, се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонски централи: „Фотон-1“, „Фотон-2“, „Фотон-3“, „Фотон-4“, „Фотон-5, „Фотон-6“, „Фотон-7“ и „Фотон-8“, со поединечна моќност од по 49,75 kW.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија“, кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 07-179/12
7 октомври 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

Друштвото за производство на електрична енергија, трговија и услуги ФОТО ВОЛТАЖЕН ПАРК ДОО увоз-извоз Струмица, ул. „Ленинова“ бр. 15 Струмица.

2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата

Производство на електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата

7.10.2014 година

4. Датум на важење на лиценцата

7.10.2049 година

5. Евидентен број на издадената лиценца

ЕЕ - 110.01.1/12

6. Број на деловниот субјект – 6779590

7. Единствен даночен број – 4027012516177

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши со фотоволтаични централи, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

7. Локација на вршење на енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши од фотонапонски централи: „Фотон-1“, „Фотон-2“, „Фотон-3“, „Фотон-4“, „Фотон-5, „Фотон-6“, „Фотон-7“ и „Фотон-8“, секоја со поединечна моќност од 49,75 kW, изградени на: КП 957, КП 958/1, КП 958/2, КП 958/3, КП 960/3, КП 960/2, КП 960/1, КП 959, последователно, согласно имотен лист бр. 805, КО Смолари, Општина Ново Село.

8. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши со производни капацитети чии технички податоци се составен дел од оваа лиценца.

9. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

10. Права и обврски за носителот на лиценца

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Друштвото за производство на електрична енергија, трговија и услуги ФОТО ВОЛТАЖЕН ПАРК ДОО увоз-извоз Струмица, со адреса на ул. Ленинова бр. 15 Струмица, (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците;
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;

- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила;

- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и

- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

11. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

12. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма. Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) превземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;

- за заштита при работа;

- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година;

13. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

14. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

15. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

16. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

17. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

18. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог 2

1. Податоци за фотоволтаична централа приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:

1. име на фотонапонска централа – „Фотон-1“;
2. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - Согласно Решение за согласност за приклучување издадено од ЕВН Македонија АД Скопје;
3. општи податоци:
- година на почеток на градба – 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем – 35 години,
4. податоци за модулите:
- број на фотоволтаични модули – 199;
- тип и производител на фотоволтаичниот модул:BYD, 250 kW;
5. податоци за инверторот:
- тип и производител на инверторот: модел PLATINUM 15kW;
6. податоци за батерија – нема батерија;
7. просечно месечно сончево зрачење на таа локација во тек на една година –1210 кWh/m2;
8. очекувано годишно производство на електрична енергија – 63910 kWh.

2. Податоци за фотоволтаична централа приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:

1. име на фотонапонска централа – „Фотон-2“;
2. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - Согласно Решение за согласност за приклучување издадено од ЕВН Македонија АД Скопје;
3. општи податоци:
- година на почеток на градба – 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем – 35 години,
4. податоци за модулите:
- број на фотоволтаични модули – 199;
- тип и производител на фотоволтаичниот модул:BYD, 250 kW;
5. податоци за инверторот:
- тип и производител на инверторот: модел PLATINUM 15kW;
6. податоци за батерија – нема батерија;
7. просечно месечно сончево зрачење на таа локација во тек на една година –1210 кWh/m2;
8. очекувано годишно производство на електрична енергија – 63910 kWh.

3. Податоци за фотоволтаична централа приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:

1. име на фотонапонска централа – „Фотон-3“;
2. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - Согласно Решение за согласност за приклучување издадено од ЕВН Македонија АД Скопје;
3. општи податоци:
- година на почеток на градба – 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем – 35 години,
4. податоци за модулите:
- број на фотоволтаични модули – 199;
- тип и производител на фотоволтаичниот модул:BYD, 250 kW;
5. податоци за инверторот:
- тип и производител на инверторот: модел PLATINUM 15kW;
6. податоци за батерија – нема батерија;
7. просечно месечно сончево зрачење на таа локација во тек на една година –1210 кWh/m2;
8. очекувано годишно производство на електрична енергија – 63910 kWh.

4. Податоци за фотоволтаична централа приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:

1. име на фотонапонска централа – „Фотон-4“;
2. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - Согласно Решение за согласност за приклучување издадено од ЕВН Македонија АД Скопје;
3. општи податоци:
- година на почеток на градба – 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем – 35 години,
4. податоци за модулите:
- број на фотоволтаични модули – 199;
- тип и производител на фотоволтаичниот модул:BYD, 250 kW;
5. податоци за инверторот:
- тип и производител на инверторот: модел PLATINUM 15kW;
6. податоци за батерија – нема батерија;
7. просечно месечно сончево зрачење на таа локација во тек на една година –1210 кWh/m2;
8. очекувано годишно производство на електрична енергија – 63910 kWh.

5. Податоци за фотоволтаична централа приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:

1. име на фотонапонска централа – „Фотон-5“;
2. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - Согласно Решение за согласност за приклучување издадено од ЕВН Македонија АД Скопје;
3. општи податоци:
- година на почеток на градба – 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем – 35 години,
4. податоци за модулите:
- број на фотоволтаични модули – 199;
- тип и производител на фотоволтаичниот модул:BYD, 250 kW;
5. податоци за инверторот:
- тип и производител на инверторот: модел PLATINUM 15kW;
6. податоци за батерија – нема батерија;
7. просечно месечно сончево зрачење на таа локација во тек на една година –1210 кWh/m2;
8. очекувано годишно производство на електрична енергија – 63910 kWh.

6. Податоци за фотоволтаична централа приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:

1. име на фотонапонска централа – „Фотон-6“;
2. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - Согласно Решение за согласност за приклучување издадено од ЕВН Македонија АД Скопје;
3. општи податоци:
- година на почеток на градба – 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем – 35 години,
4. податоци за модулите:
- број на фотоволтаични модули – 199;
- тип и производител на фотоволтаичниот модул:BYD, 250 kW;
5. податоци за инверторот:
- тип и производител на инверторот: модел PLATINUM 15kW;
6. податоци за батерија – нема батерија;
7. просечно месечно сончево зрачење на таа локација во тек на една година –1210 кWh/m2;
8. очекувано годишно производство на електрична енергија – 63910 kWh.

7. Податоци за фотоволтаична централа приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:

1. име на фотонапонска централа – „Фотон-7“;
2. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - Согласно Решение за согласност за приклучување издадено од ЕВН Македонија АД Скопје;
3. општи податоци:
- година на почеток на градба – 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем – 35 години,
4. податоци за модулите:
- број на фотоволтаични модули – 199;
- тип и производител на фотоволтаичниот модул:BYD, 250 kW;
5. податоци за инверторот:
- тип и производител на инверторот: модел PLATINUM 15kW;
6. податоци за батерија – нема батерија;
7. просечно месечно сончево зрачење на таа локација во тек на една година –1210 кWh/m2;
8. очекувано годишно производство на електрична енергија – 63910 kWh.

8. Податоци за фотоволтаична централа приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:

1. име на фотонапонска централа – „Фотон-8“;
2. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - Согласно Решение за согласност за приклучување издадено од ЕВН Македонија АД Скопје;
3. општи податоци:
- година на почеток на градба – 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем – 35 години,
4. податоци за модулите:
- број на фотоволтаични модули – 199;
- тип и производител на фотоволтаичниот модул:BYD, 250 kW;
5. податоци за инверторот:
- тип и производител на инверторот: модел PLATINUM 15kW;
6. податоци за батерија – нема батерија;
7. просечно месечно сончево зрачење на таа локација во тек на една година –1210 кWh/m2;
8. очекувано годишно производство на електрична енергија – 63910 kWh.

4637.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14) и член 10 став 4 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги СОНКО ЕНЕРЏИ ДОО с.Колешино, Ново Село, на ден 6.10.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08 - 129/13 од 28.10.2013 година, на Друштвото за производство, трговија и услуги СОНКО ЕНЕРЏИ ДОО с.Колешино, Ново Село, се продолжува до 28.7.2015 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-129/13
6 октомври 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

4638.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14) и член 8 став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство и трговија на електрична енергија НИНЕ СОЛАР ДООЕЛ увоз извоз Македонска Каменица, за издавање на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 6.10.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство и трговија на електрична енергија НИНЕ СОЛАР ДООЕЛ увоз извоз Македонска Каменица, со седиште на ул. „Павлиш дол“ бр. 7, Македонска Каменица, му се издава решение за стекнување на привремен статус на повластен

производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за фотонапонската електроцентрала „НИНЕ СОЛАР“ со планирана моќност од 107,1 kW и со локација на КП.бр.2089/1, КО Луковица, Општина Македонска Каменица.

2. Податоци за носителот на решението:

- назив и седиште: Друштво за производство и трговија на електрична енергија НИНЕ СОЛАР ДООЕЛ увоз извоз Македонска Каменица, со седиште на ул. „Павлиш дол“ бр. 7, Македонска Каменица;

- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-PV-184;

- назив на електроцентралата: фотонапонска електроцентрала „НИНЕ СОЛАР“;

- податоци за локација на електроцентралата: КП.бр.2089/1, КО Луковица, Општина Македонска Каменица;

- планирана моќност на електроцентралата: 107,1 kW (357 панели со моќност на панел од 300 W);

- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 192.780 kWh;

- рок до кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба: 1 година;

- датум на престанок на важење на ова решение: 6.10.2015 година.

3. Фотонапонската електроцентрала „НИНЕ СОЛАР“ со планирана моќност од 107,1 kW и со локација на КП.бр.2089/1, КО Луковица, Општина Македонска Каменица, треба да биде пуштена во употреба во рокот утврден во став 2 на ова решение.

4. Носителот на ова решение само еднаш може да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за продолжување на важноста на ова решение во постапка утврдена во член 10 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13).

5. Носителот на ова решение е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за секоја статусна промена и/или промена на техничко-технолошките карактеристики на фотонапонската електроцентрала, наведени во ова решение, согласно член 11 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13).

6. Со денот на влегување во сила на ова решение, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го впишува носителот на ова решение и електроцентралата во Регистарот на повластени производители.

7. Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го доставува ова решение до барателот, Операторот на пазарот на електрична енергија и до Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

8. Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

9. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-155/14
6 октомври 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

4639.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14) и член 8 став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство на електрична енергија, трговија и услуги ТАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Визбегово, Скопје, за издавање на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 6.10.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство на електрична енергија, трговија и услуги ТАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Визбегово, Скопје, со седиште на ул. „Качанички пат“ бр.190, Скопје, му се издава решение за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за фотонапонската електроцентрала „ТАН СОЛАР“ со планирана моќност од 49,92 kW и со локација на КП.бр.956/1, КО Визбегово, Општина Бутел.

2. Податоци за носителот на решението:

- назив и седиште: Друштво за производство на електрична енергија, трговија и услуги ТАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Визбегово, Скопје, со седиште на ул. „Качанички пат“ бр.190, Скопје;

- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-PV-185;

- назив на електроцентралата: фотонапонска електроцентрала „ТАН СОЛАР“;

- податоци за локација на електроцентралата: КП.бр.956/1, КО Визбегово, Општина Бутел;

- планирана моќност на електроцентралата: 49,92 kW (208 панели со моќност на панел од 240 W);

- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 65.000 kWh;

- рок до кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба: 1 година;

- датум на престанок на важење на ова решение: 6.10.2015 година.

3. Фотонапонската електроцентрала „ТАН СОЛАР“ со планирана моќност од 49,92 kW и со локација на КП.бр.956/1, КО Визбегово, Општина Бутел, треба да биде пуштена во употреба во рокот утврден во став 2 на ова решение.

4. Носителот на ова решение само еднаш може да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за продолжување на важноста на ова решение во постапка утврдена во член 10 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13).

5. Носителот на ова решение е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за секоја статусна промена и/или промена на техничко-технолошките карактеристики на фотонапонската електроцентрала, наведени во ова решение, согласно член 11 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/12, 97/12 и 63/13).

6. Со денот на влегување во сила на ова решение, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го впишува носителот на ова решение и електроцентралата во Регистарот на повластени производители.

7. Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го доставува ова решение до барателот, Операторот на пазарот на електрична енергија и до Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

8. Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

9. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-159/14
6 октомври 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

4640.

Врз основа на член 44 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002, 44/2002, 51/2003, 120/2005, 139/2006, 160/2007, 159/2008, 85/2010, 47/2011, 135/2011, 79/2013 и 13/2014), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2014 ГОДИНА

Индексот на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари-септември 2014 година, во однос на просечните цени на мало во 2013 година, изнесува – 0,7%.

Директор,
д-р **Благица Новковска,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2014 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2014147